ГРАД СКОПЈЕ

ПРЕДЛАГАЧ: Коце Трајановски,
Градоначалник на Град Скопје

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

ПРЕТСТАВНИК: Крсте Андоновски, Раководител на
Сектор за финасиски прашања

ПОВЕРЕНИК: Љупка Георгиева
Снежана Митревска
Рина Петковска

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ГРАД СКОПЈЕ за 2013 година

Скопје, февруари 2014

Содржина:

стр.

1. Вовед ........................................................................................... 2

2. Годишна сметка ........................................................................... 2

3. Извештај за реализација на капиталните инвестиции во Град Скопје 11

4. Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност ................................................................. 12

5. Годишен извештај за користењето на резервите ................................ 13

6. Извештај од одговорниот сметководител ............................................ 14

## 1. ВОВЕД

Град Скопје - Скопје е посебна единица на локалната самоуправа, каде граѓаните непосредно преку своите претставници учествуваат во одлучувањето за прашања значајни за Градот, посебно во областа на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, спорт, образование, социјална и детска заштита, противпожарна заштита и др.
Градот Скопје се финансира од сопствени изворни приходи (даноци, комунални такси, закупнини, административни такси и останати неданочни приходи) и трансфери од други нивоа на власт (трансфери од ДДВ и од Фондот за патишта).

**Организација**
Согласно Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на администрацијата на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје број 12/05, 15/07, 06/08, 18/08, 13/09, 3/10, 2/10, 14/10, 11/11 и 1/12) се обезбедува најоптимално извршување на законските надлежности, при што градската администрација е организирана во 16 Сектори.

**Број на вработени на 31.12.2013 и нивната структура:**

| | | |
|---|---|---|
| **Градоначалник** | | 1 |
| **Вработени во градска администрација** | | 461 |
| - државни службеници | 374 | |
| - технички персонал - по ЗРО | 70 | |
| - вработени преку агенција за привремениo вработувања | 17 | |
| **Вработени во БППЗ** | | 226 |
| **ВКУПНО:** | | **687** |

Просечно исплатени нето плати на вработените во градската администрација изнесува 22.999 денари. Просечно исплатени нето плати за вработените во БППЗ изнесува 24.640 денари.

## 2. ГОДИШНА СМЕТКА

### 2.1 Планирани и остварени приходи во Буџетот на Град Скопје за 2013г. по сметки

Во Буџетот на Град Скопје за 2013 година по сите сметки, се остварени приходи и извршени расходи како што следува:

| *ВКУПЕН БУЏЕТ 2013* | Салдо на 31.12.2012 | *ПЛАН 2013* | *Остварени приходи и приливи* | *Извршени расходи* | Салдо на 31.12.2013 |
|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5(1+3-4) |
| *Основен буџет* | 235.581.468 | 3.036.000.000 | 2.190.876.931 | 2.198.437.637 | 228.020.762 |
| *Буџет на дотации* | 2.054.222 | 1.367.570.000 | 1.305.594.969 | 1.305.879.115 | 1.770.076 |
| *Буџет на самоф. активности* | 24.004.162 | 397.568.000 | 160.167.212 | 152.051.876 | 32.119.498 |
| *Буџет на донации* | 8.320.306 | 92.505.000 | 21.302.184 | 16.433.747 | 13.188.743 |
| *Буџет на кредити* | 0 | 515.000.000 | 325.788.962 | 325.788.962 | 0 |
| ***ВКУПНО*** | **269.960.158** | **5.408.643.000** | **4.003.730.258** | **3.998.591.337** | **275.099.079** |

Вкупните приходи во фискалната 2013 година се остварени во износ од 4.003.730.258 денари. По одделни буџети се извршени поголеми расходи од остварените приходи во тековната година, односно се трошеле средства од пренесениот вишок на приходи во износ од 7,8 милиони денари, како што може да се види во прегледот подолу и вкупните приходи и приливи (колона 5) изнесуваат 4.011.575.110 денари:

| ВКУПЕН БУЏЕТ 2013 | ПЛАН 2013 | Остварени приходи и приливи | Потрошен дел од вишокот на приходи | Вкупни приходи и приливи | % на учество | % на остварување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2 | 3 | 4 | 5(3+4) | 6 | 7(3/2*100) |
| Основен буџет | 3.036.000.000 | 2.190.876.931 | 7.560.706 | 2.198.437.637 | 54,8 | 72,2 |
| Буџет на дотации | 1.367.570.000 | 1.305.594.969 | 284.146 | 1.305.879.115 | 32,6 | 95,5 |
| Буџет на самоф. активности | 397.568.000 | 160.167.212 | 0 | 160.167.212 | 4,0 | 40,3 |
| Буџет на донации | 92.505.000 | 21.302.184 | 0 | 21.302.184 | 0,5 | 23,0 |
| Буџет на кредити | 515.000.000 | 325.788.962 | 0 | 325.788.962 | 8,1 | 63,3 |
| ВКУПНО | 5.408.643.000 | 4.003.730.258 | 7.844.852 | 4.011.575.110 | 100,0 | 74,0 |

Во рамки на вкупните остварени приходи по категории највисок процент на остварување во однос на планираното имаат даночните приходи (94,3%) и трансферите и донациите (92,3%). Овие категории на приходи забележуваат и највисок процент на учество во вкупно остварените приходи и тоа даночните приходи учествуваат со 43%, а трансферите и донациите учествуваат со 35%.

Вкупните приходи во фискалната 2013 година се остварени во износ од 4.003.730.258 денари. Износот на пренесениот вишок на приходи во 2012 и во 2013 година во таблелата подолу е прикажан само информативно.

| ВКУПЕН БУЏЕТ 2013 | Остварени приходи 01.01-31.12.2012 | Планирани приходи 2013 | Остварени приходи 01.01-31.12.2013 | % на остварување | % на учество | 2013 / 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| даночни приходи | 2.030.709.715 | 1.825.500.000 | 1.720.676.593 | **94,3** | 43,0 | 84,7 |
| неданочни приходи | 398.885.343 | 510.568.000 | 246.989.646 | 48,4 | 6,2 | 61,9 |
| капитални приходи | 369.197.759 | 1.037.150.000 | 307.039.565 | 29,6 | 7,7 | 83,2 |
| трансфери и донации | 1.367.103.050 | 1.520.425.000 | 1.403.235.492 | **92,3** | 35,0 | 102,6 |
| домашно задолжување | 102.297.007 | 255.000.000 | 183.272.561 | 71,9 | 4,6 | 179,2 |
| задолжување во странство | 127.920.438 | 260.000.000 | 142.516.401 | 54,8 | 3,6 | 111,4 |
| **ВКУПНО** | **4.396.113.312** | 5.408.643.000 | **4.003.730.258** | **74,0** | **100,0** | **91,1** |
| *Вишок на приходи* | *278.935.045* | *0* | *269.960.158* | | | |
| **ВКУПНО** | **4.675.048.357** | 5.408.643.000 | 4.273.690.416 | | | |

Остварените приходи во **основниот буџет** на ставки се како што следи:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ*** | **2.634.396.287** | **3.036.000.000** | **2.198.437.637** | | | |
| ***ОСНОВЕН БУЏЕТ*** | ***01.01-31.12.2012*** | ***ПЛАН 2013*** | ***01.01-31.12.2013*** | ***% на оств.*** | *% на учес-тво* | **2013/ 2012** |
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| ***ПРИХОДИ*** | **2.634.396.287** | **3.036.000.000** | **2.190.876.931** | **72,2** | **100,0** | **83,2** |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ*** | **2.265.198.529** | **2.008.500.000** | **1.884.530.996** | **93,8** | **86,0** | **83,2** |
| **711,** Данок од доход, од добивка | 19.900.123 | **20.000.000** | 20.940.789 | 104,7 | 1,0 | 105,2 |
| **713,** Даноци на имот | 554.340.631 | **577.000.000** | 559.120.704 | 96,9 | 25,5 | 100,9 |
| **717,** Даноци на специфични услуги | 1.453.407.977 | **1.223.000.000** | 1.136.424.096 | 92,9 | 51,9 | 78,2 |
| **718,** Такси за корис. или вршење на дејност | 3.060.984 | **5.500.000** | 4.191.004 | 76,2 | 0,2 | 136,9 |
| **722,** Глоби, судски и административни такси | 8.616.663 | **10.000.000** | 9.222.506 | 92,2 | 0,4 | 107,0 |
| **723,** Такси и надоместоци | 32.546.698 | **50.000.000** | 37.221.563 | 74,4 | 1,7 | 114,4 |
| **724,** Други владини услуги | 604.003 | **2.000.000** | 1.466.657 | 73,3 | 0,1 | 242,8 |
| **725,** Други неданочни приходи | 132.090.920 | **51.000.000** | 39.056.848 | 76,6 | 1,8 | 29,6 |
| **741,** Трансфери од други ниво на власт | 60.630.531 | **70.000.000** | 76.886.829 | 109,8 | 3,5 | 126,8 |
| ***ВКУПНИ КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ*** | **369.197.759** | **1.027.500.000** | **306.345.935** | **29,8** | **14,0** | **83,0** |
| **731,** Продажба на капитални средства | 63.496.028 | **133.500.000** | 13.203.736 | 9,9 | 0,6 | 20,8 |
| **733,** Продажба на земјиште | 305.701.731 | **834.000.000** | 290.061.799 | 34,8 | 13,2 | 94,9 |
| **741,** Трансфери од други ниво на власт | 0 | **60.000.000** | 3.080.400 | 5,1 | 0,1 | 0,0 |
| ***ПРИЛИВИ*** | **0** | | **7.560.706** | | | |

Во Основниот буџет на Град Скопје приходите се остварени во износ од **2.190.876.931** денари и бележат остварување од 72,2% во однос на планираното. При тоа, тековно оперативните приходи се остварени нешто помалку во однос на планираното (93,8%), додека кај капиталните приходи се јавува значително отстапување од планираното, особено кај приходите од продажба на капитални средства (катни гаражи), како и кај приходите од продажба на земјиште сопственост на РМ.

Освен приходите остварени во основниот буџет, Градот Скопје има остварени и други приходи на посебни сметки кои не се приходувани на соодветните трезорски сметки и затоа не се прикажани како приходи во билансот на приходи на завршната сметка и тоа:

- Девизна кредитна сметка за заемот од ЕБОР – салдо **1.187.418,23 EUR**;
- Наменска сметка Министерство за култура – салдо **236.919.600 денари**;
- Наменска сметка Агенција за вработување – салдо **2.047 денари**;
- Депозитна сметка за уплати по јавни тендери – салдо **5.815.972 денари**.

Во **буџетот на дотации** приходите се остваруваат согласно Уредбите за методологија за распределба на наменските и блок дотации за 2013 година, при што се остварени приходи во износ од **1.305.594.969** денари, за следните видови надлежности:

- во областа на културата 119.970.000 денари;
- во областа на средното образование 1.093.879.000 денари;
- во областа на противпожарната заштита 91.754.969 денари.

Во 2013 годината, покрај остварените тековни дотации потрошен е и дел од вишокот на приходи од претходната година во износ од 284.146 денари. Со тоа вкупните приливи и приходи се еднакви со вкупните расходи и изнесуваат 1.305.879.115 денари. Процентите на остварување на приходите и на извршување на расходите во буџетот на дотации укажуваат на

тоа дека целата трансферирана дотација од ресорните министерства е потрошена од страна на децентрализираните установи под надлежност на Град Скопје.
Салдото на сметката за дотации, ако се земе во предвид големиот број на буџетски корисници на Град Скопје (21 средно училиште и 8 културни установи) е помало од минатогодишното и изнесува 1.770.076 денари.

Приходите во **буџетот на самофинансирачки активности** се сопствени приходи на буџетските корисници на Град Скопје, односно институциите од областа на културата и средното образование, што се остваруваат од плаќања за полагање испити, продадени билети, членарини, приходи од издавање под закуп на деловен простор и други приходи. Во фискалната 2013 година се остварени приходи во вкупен износ од **160,2** милиони денари, а расходите се извршени во помал износ од остварените приходи, поради што на крајот на годината се пренесува вишок на приходи во износ од 32 милиони денари.

| ВКУПНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ | 230.939.695 | | 160.167.212 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***БУЏЕТ САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ*** | ***01.01-31.12.2012*** | ***ПЛАН 2013*** | ***01.01-31.12.2013*** | ***% на оств.*** | ***% на учест.*** | **2013/ 2012** |
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| ***ПРИХОДИ*** | **224.924.768** | **397.568.000** | **160.167.212** | **40,3** | **100,0** | **71,2** |
| ***ВКУПНИ ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ*** | **224.924.768** | **397.568.000** | **160.167.212** | **40,3** | **100,0** | **71,2** |
| **721,** Претприемачки приход и приходи од имот | 4.000 | **15.710.000** | 88.359 | 0,6 | 0,1 | 2209,0 |
| **722,** Глоби, судски и административни такси | 68.999 | **0** | 36.250 | 0,0 | 0,0 | 52,5 |
| **723,** Такси и надоместоци | 212.288.298 | **353.992.000** | 147.100.748 | 41,6 | 91,8 | 69,3 |
| **724,** Други владини услуги | 12.625 | **0** | 27.940 | 0,0 | 0,0 | 221,3 |
| **725,** Други неданочни приходи | 12.550.846 | **27.866.000** | 12.768.775 | 45,8 | 8,0 | 101,7 |
| **741,** Трансфери од други ниво на власт | 0 | **0** | 145.140 | 0,6 | 0,1 | 0,0 |
| ***ПРИЛИВИ*** | **6.014.927** | | **0** | | | |

Во 2013 година, во **буџетот на донации** се остварени приходи во износ од **21,3** милиони денари. Овие приходи се остварени по основ скучени договори за донации или за реализација на проекти финансирани од странски донатори и тоа: на Град Скопје (проект GRAND RENESANS и проект  INSEC, EleCtra проект, проект FUPOL , како и проект „Заедно до штедливи средни училишта„) и на донаторски или грантовски средства на буџетските единки корисници на Град Скопје.

| ВКУПНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ | 25.038.807 | | 21.302.184 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***БУЏЕТ ДОНАЦИИ*** | ***01.01-31.12.2012*** | ***ПЛАН 2012*** | ***01.01-31.12.2013*** | ***% на оств.*** | ***% на учест.*** | ***2013/ 2012*** |
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| ***ПРИХОДИ*** | **14.582.356** | **92.505.000** | **21.302.184** | **23,0** | **100,0** | **146,1** |
| ***ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ*** | **10.920.915** | **82.855.000** | **20.608.554** | **24,9** | **96,7** | **188,7** |
| **725,** Други неданочни приходи | 350.002 | **0** | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **742,** Донации од странство | 10.390.024 | **37.048.000** | 20.000.761 | 54,0 | 93,9 | 192,5 |
| **744,** Тековни донации | 180.889 | **45.807.000** | 607.793 | 1,3 | 2,9 | 336,0 |
| ***КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ*** | **3.661.441** | **9.650.000** | **693.630** | **7,2** | **3,3** | **18,9** |
| **743,** Капитални донации | 3.661.441 | **9.650.000** | 693.630 | 7,2 | 3,3 | 18,9 |
| ***ПРИЛИВИ*** | ***10.456.452*** | | ***0*** | | | |

Во **буџетот на кредити** во 2013 година се остварени приходи во износ од 325,8 милиони денари. Приходите остварени од домашното задолжување, односно од кредитот кај НЛБ Тутунска банка изнесуваат 183,3 милиони денари (наменети за изградба на катните гаражи), додека 142,5 милиони денари се приходи остварени согласно склучениот договор за задолжување кај Европската банка за обнова и развој наменети за реконструкција и проширување на ул. Борис Трајковски и набавка на опрема за Центар за управување и контрола на сообраќајот.

| ***БУЏЕТ КРЕДИТИ*** | ***01.01-31.12.2012*** | ***ПЛАН 2013*** | ***01.01-31.12.2013*** | ***% на оств.*** | ***% на учест.*** | ***2013/ 2012*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| ***ПРИХОДИ*** | **230.217.445** | **515.000.000** | **325.788.962** | **63,3** | **100,0** | **141,5** |
| **754,** Друго домашно задолжување | 102.297.007 | **255.000.000** | 183.272.561 | 71,9 | 56,3 | 179,2 |
| **761,** Задолжување кај Меѓун. развојни агенции | 127.920.438 | **260.000.000** | 142.516.401 | 54,8 | 43,7 | 111,4 |

## 2.2 Планирани и реализирани расходи во Буџетот на Град Скопје за 2013 година по видови и сметки

Вкупните реализирани расходи за извршување на законските надлежности во рамки Буџетот на Град Скопје за 2013 година изнесуваат 4 милијарди денари. Во прегледот подолу се прикажани извршените расходи по буџети и програми:

| | **Назив на програма** | **Основен буџет 2013** | **Буџет на дотации 2013** | **Буџет на самофин. 2013** | **Буџет на донации 2013** | **Буџет на кредити 2013** | **ВКУПНИ РАСХОДИ 2013** | % на уче-ство |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7(2+3+4+5+6) | 8,00 |
| A | Совет | 18.992.641 | | | | | **18.992.641** | 0,47 |
| D | Градоначалник | 4.855.113 | | | | | **4.855.113** | 0,12 |
| E | Градска администрација | 425.713.236 | | | 294.332 | | **426.007.568** | 10,65 |
| F | Урбанистичко планирање | 70.548.526 | | | | | **70.548.526** | 1,76 |
| G | Локален економски развој | 358.074.377 | | | | 183.272.561 | **541.346.938** | 13,54 |
| J | Комунални дејности | 1.057.299.657 | | | | 142.516.401 | **1.199.816.058** | 30,01 |
| K | Култура | 80.051.988 | 120.111.183 | 62.485.288 | 10.716.343 | | **273.364.802** | 6,84 |
| L | Спорт и рекреација | 40.583.356 | | | | | **40.583.356** | 1,01 |
| M | Прекугранична соработка | 66.546 | | | | | **66.546** | 0,00 |
| N | Образование | 67.973.705 | 1.094.021.963 | 89.566.588 | 5.423.072 | | **1.256.985.328** | 31,44 |
| R | Животната средина | 28.497.602 | | | | | **28.497.602** | 0,71 |
| T | Здравствената заштита | 801.000 | | | | | **801.000** | 0,02 |
| V | Социјална заштита | 9.207.003 | | | | | **9.207.003** | 0,23 |
| W | Противпожарна заштита | 35.772.887 | 91.745.969 | | | | **127.518.856** | 3,19 |
| | **Вкупно** | **2.198.437.637** | **1.305.879.115** | **152.051.876** | **16.433.747** | **325.788.962** | **3.998.591.337** | **100,00** |

Најголем дел од расходите во 2013 година се реализирани во програмата Н – Образование (31,4%) што е резултат на големиот број на средни училишта (21) под надлежност на Град Скопје со голем број на вработени на кои им се исплаќаат плати и придонеси, високи материјални расходи за обавување на дејноста, како и расходи за бесплатниот превоз на учениците во средните училишта како законска обврска, како и реконструкцијата на средните училишта. Потоа следи програмата Ј – Комунални дејности со учество од 30% во вкупно реализираните расходи што е резултат на најголемиот број на потпрограми во оваа програма, како и висината на потребните средства за реализација на проектите.

Извршените расходи во **основниот буџет** во износ од 2,2 милијарди се во рамки на остварените приходи во тековната година. Како резултат на интензивни градби и реконструкции на улици, јавно осветлување и друга комунална инфраструктура, но и набавка на опрема, возила и машини и продолжувањето со градба на катните гаражи и објектот градска куќа, структурата на расходите во основниот буџет е поволна со учество од 44,5% на капиталните расходи во вкупните расходи.
Во рамки на капиталните расходи највисоко учество (21,7%) имаат расходите на ставката 481-Градежни објекти кои се однесуваат на трошоците за изградба на градската куќа и на катните гаражи, а потоа следат расходите на ставка 482-Други градежни објекти, со учество од 20,7% каде се трошат средства за изградби и реконструкции на улици и друга комунална инфраструктура.
Во рамки на тековно-оперативните расходи пак најголемо учество имаат извршените расходи за поправки и тековно одржување (15,5%) што во најголем дел се однесуваат на летно и зимско одржување на магистрални и собирни улици, одржување на јавно осветлување и на друга комунална инфраструктура. Потоа се расходите за субвенции за јавни претпријатија (10,7%) и расходите за плати и надоместоци (10%).

| ***ОСНОВЕН БУЏЕТ*** | *01.01-31.12.2012* | *ПЛАН 2013* | *01.01-31.12.2013* | *% на оств.* | *% на учес-тво* | 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| ***РАСХОДИ*** | **2.626.587.509** | **3.036.000.000** | **2.198.437.637** | **72,4** | **100,0** | **83,7** |
| ***ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ*** | **1.450.333.403** | **1.555.450.000** | **1.220.982.758** | **78,5** | **55,5** | **84,2** |
| **401,** Основни плати | 139.443.485 | **160.150.000** | 144.764.870 | 90,4 | 6,6 | 103,8 |
| **402,** Придонеси за социјално осигурување | 51.150.791 | **58.535.000** | 52.766.262 | 90,1 | 2,4 | 103,2 |
| **404,** Надоместоци | 22.811.110 | **26.315.000** | 22.657.215 | 86,1 | 1,0 | 99,3 |
| **412,** Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 0 | **5.000.000** | 1.000.000 | 20,0 | 0,0 | 0,0 |
| **413,** Тековни резерви (разновидни расходи) | 4.046.639 | **5.000.000** | 1.893.398 | 37,9 | 0,1 | 46,8 |
| **420,** Патни и дневни расходи | 4.103.109 | **5.900.000** | 2.938.717 | 49,8 | 0,1 | 71,6 |
| **421,** Ком. услуги, греење, ком. и транспорт | 155.298.660 | **162.600.000** | 146.073.091 | 89,8 | 6,6 | 94,1 |
| **423,** Материјали и ситен инвентар | 17.165.964 | **26.930.000** | 17.637.244 | 65,5 | 0,8 | 102,7 |
| **424,** Поправки и тековно одржување | 430.381.510 | **421.250.000** | 341.185.151 | 81,0 | 15,5 | 79,3 |
| **425,** Договорни услуги | 124.178.115 | **133.250.000** | 56.242.273 | 42,2 | 2,6 | 45,3 |
| **426,** Други тековни расходи | 42.259.164 | **52.350.000** | 33.818.494 | 64,6 | 1,5 | 80,0 |
| **427,** Привремени вработувања | 6.870.885 | **5.500.000** | 5.408.068 | 98,3 | 0,2 | 78,7 |
| **451,** Каматни плаќања (нерезидентни кредитори) | 3.272.021 | **13.000.000** | 9.503.705 | 73,1 | 0,4 | 290,5 |
| **452,** Каматни плаќања (домашни кредитори) | 8.099.817 | **19.000.000** | 12.839.230 | 67,6 | 0,6 | 158,5 |
| **461,** Субвенции за јавни претпријатија | 327.894.686 | **295.000.000** | 235.904.174 | 80,0 | 10,7 | 71,9 |
| **463,** Трансфери до невладини организации | 63.844.263 | **74.356.000** | 71.294.914 | 95,9 | 3,2 | 111,7 |
| **464,** Разни трансфери | 43.521.289 | **79.651.000** | 58.819.874 | 73,8 | 2,7 | 135,2 |
| **465,** Исплати по извршни исправи | 5.991.896 | **11.663.000** | 6.236.078 | 53,5 | 0,3 | 104,1 |

| ОСНОВЕН БУЏЕТ | 01.01-31.12.2012 | ПЛАН 2013 | 01.01-31.12.2013 | % на оств. | % на учес-тво | 2013/ 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| КАПИТАЛНИ РАСХОДИ | 1.176.254.106 | 1.480.550.000 | 977.454.879 | 66,0 | 44,5 | 83,1 |
| 480, Купување опрема и машини | 24.656.570 | 63.840.000 | 28.528.033 | 44,7 | 1,3 | 115,7 |
| 481, Градежни објекти | 536.069.150 | 567.060.000 | 471.899.552 | 83,2 | 21,5 | 88,0 |
| 482, Други градежни објекти | 570.604.213 | 795.750.000 | 454.345.015 | 57,1 | 20,7 | 79,6 |
| 483, Купување на мебел | 297.561 | 1.000.000 | 930.467 | 93,0 | 0,0 | 312,7 |
| 485, Вложувања и нефинансиски средства | 38.183.428 | 49.900.000 | 18.751.812 | 37,6 | 0,9 | 49,1 |

Во **буџетот на дотации** се реализирани расходи во износ од 1,3 милијарди денари.

Вкупните расходи се извршени во рамки на остварените дотации, од што 69,8% се извршени за плати и надоместоци за вработените во БППЗ и во институциите под надлежност на Град Скопје. Остатокот од дотацијата се извршува за подмирување на трошоците за комунални услуги, греење и транспорт, за тековно одржување на објектите и опремата на институциите, набавка на материјали и ситен инвентар и други тековни расходи што се извршуваат за нормално функционирање на градските културни установи и средните училишта.

При тоа, најголемо учество во расходите покрај платите, имаат расходите извршени на ставката 425-Договорни услуги 16,2% од што најголем дел се однесуваат за бесплатен превоз на учениците во средните училишта.

| БУЏЕТ БЛОК ДОТАЦИИ | 01.01-31.12.2012 | ПЛАН 2013 | 01.01-31.12.2013 | % на оств. | % на учес тво | 2013/ 2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| РАСХОДИ | 1.292.304.743 | 1.367.570.000 | 1.305.879.115 | 95,5 | 100,0 | 101,1 |
| ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 1.292.304.743 | 1.367.570.000 | 1.305.879.115 | 95,5 | 100,0 | 101,1 |
| 401, Основни плати | 662.583.925 | 680.270.000 | 661.997.697 | 97,3 | 50,7 | 99,9 |
| 402, Придонеси за социјално осигурување | 248.935.296 | 257.300.000 | 248.909.905 | 96,7 | 19,1 | 100,0 |
| 420, Патни и дневни расходи | 538.084 | 611.000 | 456.717 | 74,7 | 0,0 | 84,9 |
| 421, Комунални услуги, греење, ком. и транспорт | 145.684.391 | 170.710.000 | 143.974.225 | 84,3 | 11,0 | 98,8 |
| 423, Материјали и ситен инвентар | 16.547.148 | 22.071.000 | 19.621.517 | 88,9 | 1,5 | 118,6 |
| 424, Поправки и тековно одржување | 13.630.631 | 18.532.000 | 16.869.518 | 91,0 | 1,3 | 123,8 |
| 425, Договорни услуги | 202.003.562 | 213.646.000 | 211.667.121 | 99,1 | 16,2 | 104,8 |
| 426, Други тековни расходи | 1.799.550 | 3.164.000 | 2.382.415 | 75,3 | 0,2 | 132,4 |
| 427, Привремени вработувања | 282.158 | 600.000 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| 464, Разни трансфери | 300.000 | 666.000 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |

Во **буџетот на донации** се реализирани расходи во износ од 16,4 милиони денари. Голем дел од проектите финасирани од донаторски средства се во почетна фаза, односно започнуваат во оваа фискална година, со оглед дека приходите се остварени во поголем износ (21 милион денари). Во прегледот подолу се прикажани расходите во буџетот на дотации по основни намени за 2013 година и споредбено за 2012 година:

| **БУЏЕТ ДОНАЦИИ** | 01.01-31.12.2012 | ПЛАН 2013 | 01.01-31.12.2013 | % на оств. | % на учест. | 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| **РАСХОДИ** | 25.038.807 | 92.505.000 | 16.433.747 | 17,8 | 100,0 | 65,6 |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 6.079.002 | 38.293.000 | 8.818.235 | 23,0 | 53,7 | 145,1 |
| **420,** Патни и дневни расходи | 2.637.906 | 11.997.000 | 4.029.039 | 33,6 | 24,5 | 152,7 |
| **421,** Комунални услуги, греење, ком. и транспорт | 5.736 | 1.665.000 | 1.037.628 | 62,3 | 6,3 | 18.089,7 |
| **423,** Материјали и ситен инвентар | 168.924 | 5.509.000 | 314.100 | 5,7 | 1,9 | 185,9 |
| **424,** Поправки и тековно одржување | 0 | 2.477.000 | 61.700 | 2,5 | 0,4 | 0,0 |
| **425,** Договорни услуги | 473.835 | 8.029.000 | 2.280.781 | 28,4 | 13,9 | 481,3 |
| **426,** Други тековни расходи | 1.952.834 | 5.405.000 | 349.300 | 6,5 | 2,1 | 17,9 |
| **464,** Разни трансфери | 839.768 | 3.211.000 | 745.687 | 23,2 | 4,5 | 88,8 |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 18.959.805 | 54.212.000 | 7.615.512 | 14,0 | 46,3 | 40,2 |
| **480,** Купување опрема и машини | 5.586.835 | 5.412.000 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **481,** Градежни објекти | 3.000.000 | 11.300.000 | 6.915.512 | 61,2 | 42,1 | 230,5 |
| **482,** Други градежни објекти | 10.372.971 | 25.000.000 | 700.000 | 2,8 | 4,3 | 6,7 |
| **485,** Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 3.300.000 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| **486,** Купување возила | 0 | 9.200.000 | 0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |

Извршените расходи во **буџетот на самофинансирачки активности** во износ од 152 милиони денари се прикажани во прегледот подолу по основни намени за 2013 година и споредбено за 2012 година. Расходите од самофинасирачките активности се извршуваат за подобрување на условите за работење во средните училишта и тоа набавка на училишни материјали и помагала како и набавка на училишен мебел, како и купување на опрема и машини.

| **БУЏЕТ САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ** | 01.01-31.12.2012 | ПЛАН 2013 | 01.01-31.12.2013 | % на оств. | % на учест. | 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| **РАСХОДИ** | 230.939.695 | 397.568.000 | 152.051.876 | 38,2 | 100,0 | 65,8 |
| **ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 219.960.579 | 335.465.000 | 140.329.284 | 41,8 | 92,3 | 63,8 |
| **401,** Основни плати | 17.559.952 | 21.881.000 | 15.710.938 | 71,8 | 10,3 | 89,5 |
| **402,** Придонеси за социјално осигурување | 6.494.817 | 8.096.000 | 5.810.967 | 71,8 | 3,8 | 89,5 |
| **420,** Патни и дневни расходи | 2.318.798 | 9.848.000 | 2.208.837 | 22,4 | 1,5 | 95,3 |
| **421,** Комунални услуги, греење, ком. и транспорт | 15.537.578 | 28.895.000 | 11.082.956 | 38,4 | 7,3 | 71,3 |
| **423,** Материјали и ситен инвентар | 22.494.197 | 42.911.000 | 15.808.334 | 36,8 | 10,4 | 70,3 |
| **424,** Поправки и тековно одржување | 13.038.725 | 35.013.000 | 8.460.895 | 24,2 | 5,6 | 64,9 |
| **425,** Договорни услуги | 72.421.657 | 94.165.000 | 43.741.242 | 46,5 | 28,8 | 60,4 |
| **426,** Други тековни расходи | 53.519.947 | 72.866.000 | 26.919.836 | 36,9 | 17,7 | 50,3 |
| **427,** Привремени вработувања | 1.585.303 | 4.470.000 | 1.252.129 | 28,0 | 0,8 | 79,0 |
| **464,** Разни трансфери | 14.989.606 | 17.320.000 | 9.333.150 | 53,9 | 6,1 | 62,3 |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 10.979.116 | 62.103.000 | 11.722.592 | 18,9 | 7,7 | 106,8 |
| **480,** Купување опрема и машини | 5.595.390 | 11.510.000 | 4.519.352 | 39,3 | 3,0 | 80,8 |
| **481,** Градежни објекти | 800.000 | 16.847.000 | 680.091 | 4,0 | 0,4 | 85,0 |
| **482,** Други градежни објекти | 2.140.826 | 17.180.000 | 3.156.640 | 18,4 | 2,1 | 147,4 |
| **483,** Купување на мебел | 558.706 | 6.305.000 | 205.197 | 3,3 | 0,1 | 36,7 |
| **485,** Вложувања и нефинансиски средства | 1.506.411 | 8.151.000 | 1.603.527 | 19,7 | 1,1 | 106,4 |
| **486,** Купување возила | 377.784 | 2.110.000 | 1.557.785 | 73,8 | 1,0 | 412,3 |

Во 2013 година извршените расходи во **буџетот на кредити**, се согласно склучениот договор со Тутунска банка, за изградба на катните гаражи на бул. Св. Кирил и Методиј (Цветен пазар) и ул. Даме груев, чие финансирање покрај од основниот буџет се врши и од домашно задолжување. Во текот на 2013 година реализирани се 183,3 милиони денари од сметката за кредитот. Исто така во 2013 се извршени расходи согласно склучениот договор со Европската банка за обнова и развој за реализација на реконструкцијата на ул. Борис Трајковски (53 милиони денари) и за набавка на опрема за Центарот за управување и контрола на сообраќајот (89 милиони денари).

| ***БУЏЕТ КРЕДИТИ*** | ***01.01-31.12.2012*** | ***ПЛАН 2013*** | ***01.01-31.12.2013*** | ***% на оств.*** | ***% на учест.*** | ***2013/ 2012*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4(3/2) | 5 | 6(3/1) |
| ***РАСХОДИ*** | 230.217.445 | 515.000.000 | 325.788.962 | 63,3 | 100,0 | 141,5 |
| ***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ*** | 230.217.445 | 515.000.000 | 325.788.962 | 63,3 | 100,0 | 141,5 |
| **480,** Купување опрема и машини | 2.955.438 | **160.000.000** | 89.382.469 | 55,9 | 27,4 | 0,0 |
| **481,** Градежни објекти | 102.297.007 | **220.000.000** | 183.272.561 | 83,3 | 56,3 | 179,2 |
| **482,** Други градежни објекти | 124.965.000 | **135.000.000** | 53.133.932 | 39,4 | 16,3 | 42,5 |

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ГРАД СКОПЈЕ

Најзначајните капитални вложувања на Град Скопје во 2013 година се наменети за реализиција на следните проекти: изградба и реконструкција на магистрални и собирни улици, изградба и реконструкција на мостови, кружни крстосници, комунална инфраструктура, изградба на катни гаражи и градска куќа, јавно осветлување, јавно зеленило на магистрални и собирни улици, поставување сообраќајна сигнализација, набавка на жардиниери и урбана опрема, реконструкција на средните училишта, набавка на опрема за потребите на Градската администрација, извршена експропријација за реализација на магистрални и собирни улици.

### Најзначајни капитални вложувања во 2013 година

| **ОПИС** | **износ** |
|---|---|
| Изградба и реконструкција на улици | 145.864.760 |
| Изградба и реконструкција на мостови | 18.918.110 |
| Изградба на кружни крстосници | 25.970.941 |
| Изградба на катни гаражи | 450.713.967 |
| Изградба на Градска куќа-Администрација | 78.839.497 |
| Центар за управување и контрола на сообраќај (ЦУКС) | 19.848.280 |
| Реконструкции во средни училишта | 64.684.961 |
| Јавно осветлување | 15.953.497 |
| Озеленување-хортикултурно уредување и саднички материјал | 56.440.039 |
| Поставување урбана опрема, жардиниери и фасади | 31.133.192 |
| Комунална инфраструктура | 40.128.297 |
| Елаборати, испитувања и проекти | 101.843.620 |
| Опрема – градска администрација | 41.579.601 |
| **Вкупно** | **1.091.918.762** |

Капиталните вложувања од буџетот на кредити на Град Скопје во 2013 година во вкупните капитални вложувања учествуваат во изградба на катни гаражи на Бул. Св. Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) и на улица Даме Груев, реконструкција на ул. Борис Трајковски (Првомајска) и Центар за управување и контрола на сообраќај.

**Капитални вложувања од буџетот на кредити во 2013 година**

| ОПИС | Износ |
|---|---|
| Изградба на катна гаража на Бул. Св. Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) | 91.146.180 |
| Изградба на катна гаража Даме Груев | 98.485.560 |
| Реконструкција на ул. Борис Трајковски (Првомајска) | 53.133.932 |
| Центар за управување и контрола на сообраќај (ЦУКС) | 89.382.469 |

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

### Средства

| Назив | Набавна вредност | Вкупна исправка на вредноста | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 (1-2) |
| **Нематеријални средства** | **11.878.815** | **5.875.528** | **6.003.287** |
| **Материјални добра и природни богатства (земјиште)** | **458.402.000** | **0** | **458.402.000** |
| **Материјални средства (ВКУПНО)** | **2.158.302.534** | **296.623.206** | **1.861.679.328** |
| - Градежни објекти | 104.976.669 | 55.183.842 | 49.792.827 |
| - Автобуска станица | 303.585.697 | 24.595.866 | 278.989.831 |
| - Станбен и деловен простор | 109.182.441 | 3.616.306 | 105.566.135 |
| - Културни институции на Град Скопје | 1.361.654.964 | 47.528.489 | 1.314.126.475 |
| - Опрема – Град Скопје и БППЗ | 278.902.763 | 165.698.703 | 113.204.060 |
| **Материјални средства во подготовка (ВКУПНО)** | **1.697.912.482** | **0** | **1. 705.436.539** |
| - Градска куќа | 408.188.969 | **0** | 408.188.969 |
| - Катна гаража Св. Кирил и Методиј (М.Х.Јасмин) | 733.867.582 | 0 | 741.391.639 |
| - Катна гаража Даме Груев | 446.625.182 | 0 | 446.625.182 |
| - Центар за управување и контрола на сообраќај | 109.230.749 | 0 | 109.230.749 |

## Обврски

| | |
|---|---|
| Доспеани обврски | 237.248.300 |
| Недоспеани обврски | 106.939.845 |
| **ВКУПНО** | **344.188.145** |

## Долгорочни обврски

| | |
|---|---|
| Обврски по долгорочни кредити во земјата | 522.186.261 |
| Обврски по долгорочни кредити во странство | 344.687.873 |
| **ВКУПНО** | **866.874.134** |

## Побарувања

1. Побарување по основ запишани акции во Централниот депозитар за хартии од вредност на РМ со состојба 31.12.2012 година изнесуваат **3.047.579,00 денари**.
2. Побарувања од Влада на РМ - Спортска сала "Борис Трајковски„ Скопје, изнесува **260.491.082,00** денари кои побарувања согласно Анекс договор бр.08-182/3 од 17.07.2013 ќе се наплатуваат на четири годишни рати, почнувајќи од 31.12.2014 година.
3. Побарувања од купувачите со состојба на 31.12.2013 година:

| **Ред.бр.** | **Назив** | **2013 година износ** |
|---|---|---|
| 1. | Побарувања за надоместок за уредување на градежно земјиште на рати обезбедени со гаранции и солемизирани договори: | |
| | - за правни лица | 318.429.490 |
| | - физички лица | 5.376.218 |
| 2. | Побарувања по основ на надомест за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти обезбедени со гаранции | 6.287.423 |
| 3. | Побарувања за надоместок за уредување на градежно земјиште по евидентирани пресметки за кои нема склучено договор | 6.800.518 |
| 4. | Побарувања од купувачи од земјата за користење на рекламни паноа | 4.243.667 |
| 5. | Побарувања по основ извршени услуги на БППЗ | 452.265 |
| 6. | Побарувања од купувачи | 242.603 |

| Ред.бр. | Назив | 2013 година износ |
|---|---|---|
| 7. | Побарувања по основ на експроприрана куќа по склучен договор | 1.004.066 |
| 8. | Други побарувања | 661.444 |
| 9. | Побарување по основ на данок на имот физички лица | 383.142.972 |
| 10. | Побарување по основ на данок на имот правни лица | 79.724.027 |
| 11. | Побарувања по основ комунална такса за фирма, назив на деловна просторија | 446.213.821 |
| **12.** | **Вкупни побарувања (1+2+3+4+5+6+7+8+9+10+11)** | **1.252.578.514** |
| 13. | Тужени побарувања (УГЗ, рекламни паноа, урбана опрема, БППЗ) | 74.386.133 |
| 14. | Сомнителни и спорни побарувања | 3.728.932 |
| **15.** | **Вкупни сомнителни и спорни, тужени побарувања и побарувања од присилна наплата (13+14)** | **78.115.065** |
| | **Вкупни побарувања (12+15)** | **1.330.693.579** |

Во структурата на вкупни редовни побарувањата, побарувањата по основ уредување на градежно земјиште учествуваат со 26,90%, останатите побарувања учествуваат со 0,53%. Побарувањата по основ на данок на имот учествуваат со 36,95 % и комунални такси учествуваат со 35,62 %.

Согласно Законот за даноци на имот и Законот за комунални такси, Секторот за финансиски прашања континуирано превзема мерки за присилна наплата на доспеани побарувања по основ на даноци на имот и комунална такса-фирмарина.

## 5. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРОШЕЊЕ НА РЕЗЕРВИТЕ

Согласно одредбите од Одлуката за извршување на Буџетот на Град Скопје за 2013 година, средствата утврдени за постојана (непредвидливи расходи) и тековна резерва се користат со Одлука на Советот, а по исклучок за користење на средствата од тековната резерва, но најмногу до износ од 50.000 денари, одлучува Градоначалникот.

| | |
|---|---|
| Реализирани средства од постојана резерва, потпрограма А0-Совет на Град Скопје, ставка 412-Постојана резерва | **1.000.000** |
| *Реализирани средства од тековна резерва, потпрограма А0-Совет на Град Скопје, ставка 413-Тековни резерви* | *Износ* |
| Починат член од семејство | 330.000 |
| Опожарен објект | 905.000 |
| Помош за лекување | 392.438 |
| Еднократна финансиска помош | 265.960 |
| ***Вкупно*** | ***1.893.398*** |

## 6. ИЗВЕШТАЈ НА ОДГОВОРНИОТ СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција на Град Скопје се води согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствените стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци, поединечно по видови на приходи и други видови на приливи, поединечно по видови на расходи и други одливи, како и за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата.

Согласно законот за внатрешна финансиска контрола и ИСО 2008 воспоставен е систем на контрола со пишани процедури по сектори. Целокупната финансика документација се контролира и одобрува од страна на одговорно лице овластено за превземање на обврски согласно Решение за внатрешна распределба на буџетот, по што истите се контролираат и одобруваат од одговорниот сметководител со потпис и се евидентираат во сметководствената евиденција

Податоците во финансиските извештаи на Град Скопје за сите сметки, го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и поблиски намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки и по видови на приходи.

Секторот за финансиски прашања доставува Извештај за плаќање со доспеаност на обврските до Градоначалникот на Град Скопје по основ на кој се врши плаќање.